**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број ___________**
**4 Мај 2016 година**
**Скопје**

**СООПШТЕНИЕ**

Државната изборна комисија во целост ги отфрла и демантира шпекулациите и квалификациите изнесени од страна на невладините организации „МОСТ“ и „ЦИВИЛ“ во врска со работата на Државната изборна комисија, а со цел да се девалвира истата.

Апелираме до невладините организации да се воздржат од коментари и пишувања со цел да влијаат врз работата и одлуките на изборните органи за време на изборниот процес.

Државната изборна комисија во овој состав, од нејзиниот избор во декември 2015 година работи стручно, целосно транспарентно и во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија. Процесот на прочистување на Избирачкиот список и изборниот процес се одвиваат целосно транспарентно преку јавни седници и други облици на комуникација со јавноста, како и во согласност со Изборниот законик.

Оттаму, укажуваме до невладините организации „МОСТ“ и „ЦИВИЛ“ исклучиво да се придржуваат до Изборниот законик и Кодексот за набљудување на изборите, како и нивните статути при давање на било какви изјави поврзани со работата на Државната изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**